УДК 141. 33 : 248. 3

Вера ГЕОРГИЕВА

# ЗБОРОТ И МОЛЧЕЊЕТО ВО ИСИХАЗМОТ

Во филозофијата на монашкиот мистицизам, наречен исихазам, централно место има зборот, говорот и молчењето. Преку нив се открива дијалектиката на исихастичката молитва. Зборот "молитва" веднаш упатува на теолошка содржина. Но, тоа е само едната нејзина страна. Прецизното познавање на нејзината функција во исихастичката традиција отвора и друг, филозофски аспект. Теолошката и филозофската содржина се слеваат во неразделно единство карактеристично за средновековната филозофија воопшто. Овде ќе стане збор за функцијата на зборот и молчењето во мистичката филозофија на исихазмот.

Во источната религиозно-филозофска традиција функцијата на зборот и молчењето е содржана во теоријата на т.н. мантра. Надворешно или формално, исихастичката молитва потсетува на источната мантра. За таа формална сличност, зборува, на пример, Мирча Елијаде.[1] Овде нема да стане збор за побивање или докажување на таа теза. Зборот "мантра" е изгледа многу повеќе познат отколку зборот "молитва". Повеќе употребуван како теолошки збор, "молитва" како да го крие своето филозофско значење.

Во исихастичкото мистичко искуство молитвената реченица, на почетокот се изговара усно, а потоа станува "внатрешна" и се практикува во тишина, молчешкум, како внатрешен говор на душата.

Зборовите секогаш се резултат на богато искуство кое доаѓа од скриените длабочини на телото и душата, а се разлеваат во исто толку откриени широчини. Тие носат суштина што не се исцрпува само во нивното значење. Зборовите содржат и нешто што не може да се преведе во поим, слично на една мелодија која не може да биде опишана со поими. Тој ирационален квалитет"[2] е моќта на зборовите да го поткренат човековото најдлабоко постоење и најсуптилните чувства да ги насочат кон едно "вибрирање" заедно со другите луѓе. Така, поезијата влијае со своите комбинации на ритамот, или успехот на беседниците не е само во логичноста на нивниот говор, туку, исто така, ако не и пред сè, како нешто кажуваат. [3]

---

[1]. Mirča Elijade, Joga, besmrtnost i sloboda. BIGZ, Beograd, 1984.

[2]. Lama Anagarika Govinda, Tibetanska mistika. Grafos, Beograd, 1986, str. 13.

[3]. За овој аспект на говорењето можеби најдобро сведочи софистичката реторика.

Зборовите имаат чудесна моќ токму поради поврзаноста со внатрешното искуство кое не резултира секогаш и само во рационална низа од букви. Секој збор е "фокус на енергија", вокален израз и преобразено човечко пулсирање. Зборот навистина може да го навести невидливото, нечујното и недопирливото, но е немоќен да опише или објасни определени искуства на духовниот живот. Тие се толку специфични што не можат да се споредат ниту со мислењето ниту со фантазијата. И покрај неможноста за нив да се зборува, тие, сепак, се реални и исихастите ги сметаат вистински исто толку колку и она што може да се допре, види или мисли. Исихастите умеат да ги користат зборовите на молитвата, остварувајќи единство на говорот и молчењето. Со молитвените зборови се остварува непосредноста што е клучна содржина на верата. Само во молитвата зборовите добиваат суштина на дејства. Оној што се моли, практикува молитва, тој дејствува. Молитвените зборови не се конвенционално средство за изразување. Тие се "центри на моќта". Речиси сите источни религиозни цивилизации имаат слично почитување на вредноста на зборот, дури како носител на светата традиција или мантра традицијата. Во исихастичкото искуство зборовите, молитвените зборови, овозможуваат "жива присутност" во која дури и профаните и материјалните нешта верникот ги доживува со една "онтолошка нежност". Молитвата не е порој од зборови што тече кон вечноста. Таа е внатрешен говор што ги разлабавува рационалните синџири на свеста и ја насочува неа кон длабока концентрација. Целта е ритамот на мислите да се обедини со ритамот на доживувањето. Тоа обединување се постигнува во молитвено молчење. Молчењето претставува психичко средство и орудие за успешна концентрација. Молитвените зборови и молчењето се два момента на една дијалектичка целина. Во молитвеното молчење се допираат мистичката непосредност и филозофската спекулативност.

Формалното повторување на молитвените зборови се изговарало од неколку стотини до неколку илјади пати. Притоа се одржувал совршен паралелизам меѓу звукот и ритамот на дишењето, содржината и ритамот на срцето. Исихастот психо-физички, т.е. целосно, учествува во молитвениот говор во најдлабоко молчење. Затоа тие имале посебен респект кон сакралните зборови. Б.А. Успенски тоа го прецизира: "Исихастите во зборовите ја виделе суштината на онаа појава што ја означувал самиот збор. Во Божјото име тие го виделе токму Бог, исто така како што оние што ги почитуваат иконите го гледаат Бог во иконата што го прикажува Бог. Затоа зборот кој означува света појава, од гледиштето на исихастите, е исто така свет како што е тоа појавата."[4]

Во литературата од историјата на православното христијанство ретки се автобиографските сведоштва за личното исихастичко искуство. Патот на мистичкото доживување се сметал за најдлабока тајна

---

[4].B.A.Uspenski,Poetikakompozicije,Semiotokaikone.Nolit,Beograd,1979.str.260,261.

на душата а внатрешното духовно искуство како неискажливо. Тоа било во согласност со апофатичкото богословие на П.Д. Ареопагит кој сметал дека освен катафатичко постои и негативно богословие. Бог е непознавлив, неискажлив, но сепак може да се доживее. Доживувањето има целосна гносеолошка вредност на вистина. Таа се дофаќа преку молитва и молчење. Џ. Мајендорф оценува дека апофатичкото богословие овозможува две придобивки: исчистување или катарза и излегување од себе или екстаза.[5]

Молитвата и молчењето ги оживуваат скриените потенцијали и енергии на човечката личност. Додека формата на молитвата се прецизирала во практиката на претходните генерации [6], содржината на молитвениот говор открива сили кои имаат творечка моќ исихастот да господари со себе. Затоа правилниот молитвен говор не е пасивен метод, туку решително и макотрпно усогласување на телото и душата и нивно слевање во непосредно лично созерцателно искуство. На филозофски план тоа резултира со неколку придобивки. Прво, без посредување исихастите ги совладуваат стеснувањата и условеноста од телесното и ги контролираат илузиите на сопственото Јас. Второ, молчешкум ја "собира" сопствената личност во целина, тоа е човек во кого сите физички и духовни способности се под целосна контрола и остваруваат успешна хармонија. Трето, исихастот остварува автентично непосредно живеење во "допир со вечноста" преку лична "средба и соединување со Бог". Во созерцателниот чин минливиот свет, светот на раѓањето и умирањето, добива нова смисла. Можноста за лично спасение може да се искуси. Ова откритие не е плод на дискурзивната мисла, интелектуална анализа и логичко заклучување. Молитвениот говор и мистичкото молчење овозможуваат непосредно да се доживее единството и единственоста на постоењето. Животот ги променил насоките, од конечноста кон бесконечноста, од смртта кон бесмртноста. Монасите исихасти одбираат нова насока во постоењето - подвижнички живот. Практикувањето на постојана пропишана молитва и молчење го осмислува животот. Монахот е сам, еден единствен, но не и осамен. Неговата душа се подготвува, а тој се подвигнува до разговор и средба со Бог. Монашкото молчење ја зголемува внатрешната будност на умот и многубројните искушенија. Во одбегнувањето на искушенијата со конкретни упатства му помага искусен старец, духовен учител. Калуѓерот, душевно убав и умен старец, е психолог, водач и учител. Тој го води и го учи исихастот преку скалите по кои треба да се искачи, да се подигне до созерцателниот чин. Треба да се искачи скалата на античките добродетели дополнета со најважните христијански вредности: верата, надежта и љубовта. Притоа античката добродетел "апатија" се превреднува. Таа не значи отсуство на секакви болки, страсти и чувства, во смисла на некаква рамнодушност, туку отсуство на негативни, непријатни чувства.[7] Се превреднува љубовта од значење што го содржи зборот "ерос" во значење што го содржи зборот "агапи"

---

[5]. И. Мейндорф, **Введение в святоотеческое богословие. Нью Йорк**, 1985, стр. 290.

[6]. За прецизирањето на формата на молитвата посебна заслуга им припаѓа на Евагриј Понтски и Макариј Египетски.

[7]. Во книгата "Лествица" Јован Лествички детално пишува за скалата на добродетелите.

Љубовта добива гносеолошка функција. Агапискaта гносеологија ја изразува мистичноста на исихазмот. Љубовта не е возбуда и копнеж за освојување, туку таа е длабоко доживување на исполнетост и стивнатост. Додека во еротичка состојба човекот "чека", агапи означува средба на оној што чекал и оној кого го чекал.

Ако љубовта е емоција, дали може да ѝ се верува и дали да ѝ се признае гносеолошка вредност на вистина? Во мистичкото искуство да се биде и да се чувствува е сосема исто. Да се чувствува љубов спрема Бог и да се биде е исто. Љубејќи, во молитвеното молчење мистикот знае и добива потврда за своето постоење. Мистичкото познание е средба и доживување, заедништво на човек и Бог. Да се биде, да се постои, значи да се освои вистината преку љубов, а тоа е можно само во заедница со Бог. Врската меѓу човекот и Бог, мистикот ја доживува и за неа се определува слободно и доброволно. Со умот и срцето тој остварува "жива" врска. Тоа е средба во која човекот е боголик, а Бог личен. Оној што го љуби Бога преку молитвениот говор и молчењето ја остварува својата суштина. Така се потврдува онтогенетската сродност меѓу човекот и Бог. Поради таа сродност е можно познанието на Бог. Тоа познание има длабок личен белег. Нему му е потребен молитвениот говор и молчењето. Тие ги концентрираат психофизичките потенцијали и ги насочуваат кон контемплативен живот и познание. Поради тоа молитвата и молчењето имаат исто така длабок личен белег.

Нагласениот личен аспект на византискиот исихазам го отежнувал рационалното и систематското формулирање на богословието. Дури, "богослови" биле нарекувани оние што оствариле созерцание, лична средба и доживување, а не оние што имале рационално и систематско познание.[8] За доживувањето, пак, многу тешко се зборува, речиси е невозможно тоа да се искаже. Веќе беше речено дека обидот да се пренесе со зборови не е идентичен со самото доживување. Поради тоа исихастите не само што го одбрале молчењето, туку и не пишувале за своите мистички искуства. Животот на мистикот е "собран" во личното психо-физичко пулсирање. Молитвата го обзема не во некој негов дел или момент, туку целосно и постојано.

Еден меѓу ретките византиски филозофи што пишувале за личното молитвено искуство е Симеон Нов Богослов. Во неговите текстови, навистина несистематски, но сликовито и детално се опишува токму специфичноста на мистичкото познание. Опширно говори за вечерните и ноќните молитви на киновитите, но и за поединечната молитва на исихастите што ја практикувале во своите монашки келии. Монахот треба секоја молитвена реченица да ја каже со целосно внимание. Но треба да се преместува од место на место или од една на друга нога. Дури и погледот не треба да скита. Треба да биде задржан и концентриран, а целото внимание да се пренесе на смислата на зборовите на молитвата.[9]

---

[8]. Со името "Богослов" биле наречени само неколкумина во историјата на православното христијанство.

[9]. А. Василије, Преподобни Симеон Нови Богослов, Београд, 1988. стр. 59.

За да се одбегне и надмине расеаноста, за да не го одвлечат разни помисли, исихастот треба да ја користи волјата. Роењето на мислите може да се контролира и прекине на два начина: со постепено, но нивно упорно одбегнување и потиснување, или со решително моментално пресечување на мисловните искушенија. Молитвата помага човекот да владее и да раководи со себе. Доследно со библиското сфаќање дека тој е единство на душата и телото, молитвата овозможува да се контролира сопствената психо-физичка целина. Поради постојано повторување монахот почнува од навика да ја применува молитвата. Со тоа не се губи смислата на молитвените зборови, таа не се одвива автоматски и формално, туку започнува да се умножува "сама од себе". Тоа е најтежок, но истовремено и возвишен резултат на нејзината постојана примена. Тогаш таа го обзема целиот човек со топлина и блаженство на агапиското чувство. По тоа искуство монахот секогаш ќе го насочува умот и срцето кон такво доживување. Молитвеното дејствување (практика) е навлегување кон созерцанието (теоријата).

Молитвената практика и молитвеното молчење има двојна антрополошка вредност. Прво, го преобразуваат однесувањето на човекот спрема светот и, второ, го превреднуваат неговото однесување спрема другите луѓе. Човекот што доживеал созерцание го сака светот и има впечаток дека е убав и проткаен со божјото присуство. Спрема луѓето е милозлив, кроток и срдечен и доживува целосна внатрешна преобразба. За него е исполнета целта на животот - сопственото обоготворување.

Преку зборот и молчењето, а во молитвена практика верникот се разбудува од "греовниот сон" и со-гледува, созерцава еден нов живот. Молчењето воспоставува еден ватрешен ред во кој во единство се поврзани разумот и чувствата, нужноста и слободата. Само молчењето ги соединува овие противречности и овозможува да не го раскинуваат и раслојуваат човекот. Преку молчењето во единство се слеваат мистичко-интуитивното и спекулативно-дискурзивното во човекот. Тој ја презема и ја остварува целосната контрола над сопственото тело, содржината на свеста и социјалната зависност. Молитвениот збор и молк наоѓаат излез од бесмисленоста на содржините на секојдневието и временското постоење. Во допирот со вечноста мистиката ги соединува сетилното и духовното, смртното и бесмртното. Спојувајќи спротивности, мистичкото доживување е тешко разбирливо и, веќе рековме, тешко може да се опише со зборови. Да се зборува за она што со зборови не може да се искаже, може да значи две нешта: преку зборовите е можно приближување до вредностите на мистиката и, второ, зборувањето има еден суштински белег, а тоа е непосредноста што можеби ќе успее да ја надмине разликата меѓу рационалното и мистичкото.[10]

-------------------------------

[10]. Во романот "Зен и уметноста на одржувањето на мотоциклот" Пирсиг предлага токму преку живиот говор да се оствари единството на овие спротивности.

Резултатот на молитвениот говор и на мистичкото молчење е целосно остварена координација на телото, говорот и мислата. Молитвениот говор и молитвениот молк треба да ја осети меѓузависноста на овие моменти и да ја фокусира непосредноста. Мистичката непосредност значи синтеза на главата и срцето, излегување од тркалото на животот и смртта. Затоа исихастите верувале дека искуствено остваруваат целосно решавање на проблемот на личното постоење. Нивната побожност го осмислува животот. Мистикот настојува да ја надмине расцепканоста на постоењето и да ги обедини можностите во единствен копнеж кон бесмртноста. Познавањето на функцијата на молитвениот збор и молчењето во мистиката на православното христијанство, наречена исихазам, овозможува да се откријат специфичните филозофски импликации.

Vera GEORGIEVA

## THE WORD AND SILENCE IN ORTODOX MONASTIC PRACTICE - ISIHAZM

(Summary)

In the philosophy of Orthodox monastic mysticism called - Isihazm, the dialectics of the prayer can be revealed through the alloud praying and scilence. With the prayer's words, that are a kind of focuses of energy, can be attained directness, spontaniousness and natural refinement as basic (qualities) of religion. The prayer directs the concsiousness towards deep concentracion, synchronization of the breathing and the sound of talking the prayer, content and the rhythm of heart.

Praying practice has double antropological quality - it transforms the human attitude towards the world and it reevaluate his behaving towards the other human beings. The result of the prayers and the mystical silence is breaking the wheel of life and death and realisation of specific philosophical questions.